**Адаптација на наставни содржини за ученици со СПУ**

Некои примери од она што постои

# Примери на постоечки игри за ученици со СНУ

## Вовед

Колку и да сакаме да дадеме обемна листа со примери на игри развиени за настава по англиски како странски јазик специјално прилагодени за ученици со специфична попреченост во учењето (СПУ), факт е дека такви **примери не е лесно да се најдат.** Уште потешко е да се најдат интересни постоечки игри за тинејџери, повеќето едукативни игри на интернет обично се насочени кон мали деца. Како и да е, постојат опции и ние подготвивме список на некои активности што треба да ги испробате со вашите ученици.

# Примери за постоечки алатки

## Видео игри

### D-ESL Игри

**Една од нашите цели со D-ESL е да ја исполниме потребата за инклузивни игри за изучување на англиски јазик како втор јазик.** Кога проектот ќе биде понапреден, ќе бидат достапни **36** педагошки игри. Погрижете се да ја погледнете нашата страница со ресурси за да проверите дали тие се достапни во моментот кога читате, можеби ќе имате среќа: http://d-esl.eu/en/resources/

### Wordshark

**Wordshark** е платена опција за училишта, развиена во Обединетото Кралство, која служи за читање и правопис. Нуди решенија засновани на игри, кои се рекламираат како особено ефективни за ученици со СПУ, вклучително и дислексија. https://www.wordshark.co.uk/

### Knoword

**Knoword** е онлајн платформа за учење базирана на игри за тренинг на вокабуларот. Таа може да ја направи забавна активноста или задачата на часот. Наставниците можат да отворат профил и да креираат своја содржина, за нивниот час. https://playknoword.com/

## Игри за маса и игри со карти

### “Word Witt”

Комерцијална игра со карти за зајакнување на **фонемската свест**

https://www.dyslexiagames.com

### Articulate

Друга комерцијална игра за маса, рекламирана како игра на погодување. Играчите треба да опишат збор без да го кажат, а другите играчи треба да го **погодат зборот во рок од 30 секунди**. Овој вид на игра може да се игра со повеќе од **20** играчи, така што може да се прилагоди на вашата училница. Таа исто така може да биде добра активност за пополнување на времето.

### Balderdash

Уште една комерцијална игра за маса која лесно може да се игра со речник и листови хартија. Играчите се соочуваат со збор, кој може да биде и малку тежок, па тие треба да го погодат или да **измислат дефиниција за него**. Тоа може да биде активност што се прави во мали групи, бидејќи го тренира вокабуларот и им овозможува на учениците да ја изразат својата креативност додека вежбаат англиски јазик.

Дознајте повеќе за играта: https://en.wikipedia.org/wiki/Balderdash

## Колекција на игри

### Dyslexia Games

**Dyslexia Games** продаваат пакети со игри во форма на брошури за ученици со дислексија на возраст од **5** години па нагоре. https://www.dyslexiagames.com/

### The Family Gaming Database

Обезбедува добри ресурси доколку сакате да интегрирате потрадиционална видео игра. Тие не се фокусирани конкретно на СПУ, туку вклучуваат **вештина, возраст, оценки за пристапност, инклузивни претстави** и темелни описи на игри за да помогнат да се идентификува дали играта е соодветна за вашите ученици.https://www.taminggaming.com

### Друга листа на игри

На интернет може да најдете списоци на игри што би можеле да одговараат на вашите потреби и на вашите ученици со СНУ. На пример:

- https://www.speedreadinglounge.com/dyslexia-games
- http://dyslexiahelp.umich.edu/tools/fun-games-for-dyslexics

## Други активности за учење базирани на игри

Учењето додека се забавувате е основната идеја на пристапот базиран на игра. Со одредена креативност, има многу повеќе други активности што би можеле да ги примените во училницата од тие наведени погоре. Ако сметате дека имате безбедно опкружување и дека вашите ученици се чувствуваат удобно со вас и со нивните врсници, може да користите и караоке апликации за да вежбате изговор, на пример, ако вашите ученици се задоволни со идејата.

# Заклучок

Ресурсите дадени погоре се таму само како примери, но може да најдете други игри или колекции на игри кои може да одговараат на вашите потреби и на вашите ученици. Исто така, би сакале да ве охрабриме да развивате свои игри. Погледнете ја нашата страница со ресурси, можеби ќе го најдете она што ви треба за да започнете.

## Ресурси и референци

- http://dyslexiahelp.umich.edu/tools/fun-games-for-dyslexics
- https://numberdyslexia.com/10-cool-board-games-for-kids-with-dyslexia/
- https://www.speedreadinglounge.com/dyslexia-games
- https://www.wordshark.co.uk
- https://playknoword.com/
- https://www.tamingaming.com

Финансирано од Европска Унија

Овој проект е финансиран со поддршка од Европската комисија. Оваа публикација ги одразува само гледиштата на авторот и Комисијата не може да биде одговорна за каква било злоупотреба што може да се направи од информациите содржани во неа.

**Код на проектот**: 2021-1-BE01-KA220-SCH-000027783

Ова дело е лиценцирано под меѓународна лиценца Creative Commons Attribution-NonCommercial-ShareAlike 4.0 (http://creativecommons.org/licenses/by-nc-sa/4.0/).

**Дознајте повеќе за D-ESL на:** https://www.d-esl.eu